ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА
ДЕПОЗИТИ

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА
# ЗА 2021 ГОДИНА
# НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

ул.„11 Октомври" бр.18
1000, Скопје
Република Северна Македонија

тел: 02 32 35 730
факс: 02 32 96 901
info@fodsk.org.mk
www.fodsk.org.mk

Врз основа на Заклучокот од 50-та седница на Влада на Република Северна Македонија, точка 83, одржана на 2-ри март 2021 година, а во врска со Информацијата за преземање на мерки за борба против корупција каде што беа задолжени сите институции во рок од 90 дена да донесат годишен план за спречување на корупција соодветен на нивната надлежност, в.д. директорот на ФОД го донесе следниот:

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА 2021 ГОДИНА

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност или државно уредување. Затоа, земјите ширум светот постојано вложуваат напори за да ја подигнат свеста за корупцијата и за нејзините подривачки влијанија врз граѓаните. Корупцијата не само што го нарушува процесот на носење одлуки, туку и навлегува во сите пори на општествениот развој. Имено, социјалните, правните и економските сегменти на развојот се меѓусебно поврзани, па затоа појавата на корупција во еден сегмент значително влијае врз развојот на сите останати.

Властите сѐ повеќе препознаваат дека корупцијата е сериозна пречка за ефективно и ефикасно владеење, раст и стабилност, како и дека итно се потребни значителни чекори за справување со овој предизвик, на локално и на глобално ниво. За таа цел, земјите развиваат закони, политики, методологии и програми со цел да го сузбијат овој феномен, да го искоренат од нивните системи и да обезбедат поквалитетен живот за нивните граѓани.

Како одговор на овој предизвик, а воедно и како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, Фондот за осигурување на депозити ја разви оваа Антикорупциска програма, која има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, да придонесе кон нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава, да обезбеди непречен развој на демократијата, владеење на правото и успешна интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија. Целта е да се обезбеди квалитетна, ефективна и ефикасна јавна служба, целосно ослободена од коруптивни практики, која ќе биде вистински сервис за сите граѓани на Република Северна Македонија.

Дополнително во овој документ е даден краток осврт на профилот на Фондот, неговите цели, надлежности, како и целите за кои е изготвен документот. Понатаму, документот содржи анализа на ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работењето, која всушност претставува наративен опис на моменталната состојба и алатка за идентификување на предизвиците и слабостите, како и активностите кои ќе ги преземе Фондот во насока на

воспоставување на ефикасен систем на мерки кои ќе овозможат превенција и борба против корупцијата.

Фондот за осигурување на депозити е специјализирана државна финансиска институција основана согласно Закон за Фондот за осигурување на депозити („Сл. весник на РМ“, бр.63/2000- основен текст) Измени: („Сл.весник на РМ“, бр. 29/2002, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014 15/2015, 153/2015, 27/2016 и 83/2018).

Целта на Фондот за осигурување на депозити е да обезбеди осигурување на депозитите на граѓаните во банките и штедилниците во Република Северна Македонија и обесштетување на осигурените депозити во банките, филијалите на странските банки и штедилниците, во кои настанал ризичен настан.

**Основна задача**

Фондот ги обесштетува осигурените депозити, но не повеќе од денарска противвредност на 30.000 евра по депозит во една банка, филијала на странска банка или штедилница пресметани по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на конечноста на решението за одземање на дозвола на банката, филијалата на странска банка или штедилницата во која настанал ризичен настан.

Во Фондот членуваат банки, филијали на странски банки и штедилници основани во Република Северна Македонија. Членството во Фондот е задолжително.

Со осигурувањето на депозитите во банките, филијалите на странските банки и штедилниците Фондот придонесува во одржувањето на стабилноста и довербата на јавноста во банкарскиот и финансискиот систем на земјата. Со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија ќе се осигуруваат и депозитите на правните лица - мали трговци.

Средствата на Фондот се формираат од основачкиот влог, наплата на премии од членките на Фондот и приходи од пласмани.

Фондот наплатува премија од членките на Фондот по стапка од 0,25% годишно од вкупните депозити на физичките лица во секоја банка, филијала на странска банка и штедилница. Средствата уплатени во Фондот од страна на банките, филијалите на странските банки и штедилниците по основ на премии се неповратни.

Инструментите во кои може да инвестира Фондот се:

1) хартии од вредност издадени од страна на Република Северна Македонија и од Народната банка на Република Северна Македонија со рок на пристигнување до дванаесет месеци од нивното стекнување од страна на Фондот (во понатамошниот текст: хартии од вредност) и

2) должнички хартии од вредност издадени од странски држави, централни банки или јавни меѓународни финансиски институции, рангирани од страна на најмалку две меѓународно признати агенции за оценка на кредитниот ризик во една од двете највисоки категории, во висина на осигурените депозити што гласат на странска валута.

Фондот започнува со обесштетувањето на осигурените депозити во рок од 20 дена од денот на конечноста на решението на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница.

**Човечки ресурси**

Органи на управување и раководење во Фондот за осигурување на депозити се:

- Управниот одбор и

- Директорот.

Фондот за осигурување на депозити има вкупно 10 (десет) вработени лица.

За в.д. директор на Фондот е назначен Амир Шабани.

Вработените во Фондот претставуваат стручно оспособен кадар со висока стручна спремност чија одговорност, квалификации и критериуми за избор е дефинирана во Правилник за систематизација на работни места и Правилник за внатрешна организација на работни места.

## ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА АНТИКОРУПЦИЈА

Овој Годишен план е дизајниран да дејствува првенствено превентивно што подразбира намалување на ризиците за корупција преку зајакнување на регулативата, јакнење на функционалноста на институциите на системот и враќање на довербата во него, јакнење на свеста и вклучување на граѓанското општество и јавноста во антикорупциските напори. Годишниот план е заснован на реални процеси и цели кои треба да резултираат со континуирано намалување на корупцијата, а нејзината имплементација ќе испрати силна порака до општеството дека борбата против корупцијата се остварува.

## АНАЛИЗА НА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ ОД КОРУПЦИЈА

Анализа на ризичните области од корупција е првиот чекор во процесот на подготовка на Годишниот план.

Проценката на ризици ги идентификува следните хоризонтални области каде се генерираат ризиците од корупцијата:

- Континуирано следење и идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле корупција;
- Јакнење на интегритетот на вработените;
- Зголемување на ефикасноста на административните процедури;
- Почитување на законските прописи и Кодексот на административните службеници;
- Континуирано зголемување на јавната свест на граѓаните да пријават корупција;
- Континуирано следење на начинот на спроведување на јавните набавки, како и реализирањето на договорите за јавните набавки и
- Континуирано информирање на граѓаните за работата на Фондот за осигурување на депозити.

## АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД КОРУПЦИЈА

Во насока на воспоставување на ефикасен систем на мерки кои ќе овозможат превенција и борба против корупција, како главен фокус на Фондот за осигурување на депозити ќе бидат следните активности:

**Континуирано следење и идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле корупција**

- Секој раководител на сектор/одделение е обврзан да го следи постапувањето на вработените во секторот/одделението, особено да внимава дали се почитуваат законските рокови за преземање на дејствија/активности по конкретни предмети, дали се одложуваат одредени дејствија кои треба да се преземат, кои се причините за такво однесување, како и да ги имаат предвид известувањата кои ги доставуваат граѓаните по однос на постапувањата на вработените и во случај на констатирање на непочитување/непреземање навремени дејствија да достави известување до директорот;
- Врз основа на доставените известувања ќе се анализира состојбата и ќе се идентификуваат категориите на работни места со највисок ризик од корупција;

- По идентификувањето на истите, ќе се предложат мерки за намалување, т.е. отстранување на различните форми на ризици од корупција.

**Јакнење на интегритетот на вработените**

- Секој вработен е должен во своето работење да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно;
- Едуцирање на вработените во своето работење да препознаат и да се спротивстават за секоја незаконска, неморална и нечесна ситуација;
- Обучување и мотивирање на вработените да одговараат на предизвиците од оваа област.

**Зголемување на ефикасноста на административните процедури**

- Со цел навремено постапување и остварување на правата на граѓаните и потребите на правните лица, задолжително е почитување на процедурите за работа и
- Секој вработен е должен да извести доколку оцени во текот на работата дека определена процедура треба да се измени/дополни во насока на подобрување на работата со истата.

**Почитување на законските прописи и Кодексот на административни службеници**

- Лицето задолжено за човечки ресурси задолжително и навремено да ги информира вработените за етичките стандарди и правила на однесување според правилата предвидени во Кодексот на административни службеници.

**Континуирано зголемување на јавната свест на граѓаните да пријават корупција**

- Изработување на практични информации и обрасци за граѓаните како да ги остварат своите права и да го пријават секое сомнение за неправилности во постапувањето и однесувањето на конкретен вработен, како и сомнение за постоење на измама или корупција;
- Зајакнување на довербата на граѓаните во работењето на Фондот.

**Континуирано следење на начинот на спроведување на јавните набавки, како и реализирањето на договорите за јавните набавки**

- Почитување на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки и реализација на договорите, а според правилата предвидени во Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки;

- Надзор и контрола над примената и почитувањето на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки, како и реализација на договорите;

- Едуцирање на вклучените вработени во постапките за јавни набавки да ги почитуваат основните начела, како што се начело на слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност.

**Континуирано информирање на граѓаните за работата на Фондот за осигурување на депозити**

- Демонстрирање на отчетност и овозможување на транспарентност за работата на Фондот за осигурување на депозити преку објавување на сите неопходни информации на веб страницата, како што е Закон за Фонд за осигурување на депозити; полугодишни и годишни извештаи за деловната активност на Фондот; Ревизорски извештаи; Финансиски план и План за јавни набавки; Правилниците за инвестициона политика, обесштетување, внатрешна организација и систематизација на работни места; информации за учеството на Фондот на настани од јавен интерес, како и соопштенија до јавноста; практични информации и обрасци за граѓаните за остварување на правата согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

**ОБЈАВУВАЊЕ**

Годишниот план за спречување на корупција за 2021 година ќе се објави на веб страницата на Фондот за осигурување на депозити.

бр. 02 – 371
13.07.2021 година

Изработил:
Сања Стојковска

в.д.Директор
Amir Shabani
Фонд за осигурување на депозити